РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за информатичко општество
и администрација
Бр. 02-4283/6
13 02 2019 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 23 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/2005, 103/2008, 124/2008, 124/2010, 135/2011, 43/2014, 153/2015, 99/2016 и 64/2018), а во врска со член 11 став (1) алинеја 5 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци, министерот за информатичко општество и администрација, го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК
# ЗА НАЧИНОТ НА ПРАВЕЊЕ НА СИГУРНОСНА КОПИЈА, АРХИВИРАЊЕ И ЧУВАЊЕ, КАКО И ЗА ПОВТОРНО ВРАЌАЊЕ НА ЗАЧУВАНИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

## Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци предмет на обработката во министерството за информатичко општество и администрација (во натамошниот текст: министерството).

## Член 2

Министерството врши редовно снимање на сигурносна копија и архивирање на податоците во системот, за да се спречи нивното губење или уништување. За таа цел се користи сервер за поддршка, во кој еднаш дневно се креира резервна копија на личните податоци кои се обработуваат во министерството во случај на пад на компјутерскиот систем или негово оштетување од каква било причина, сите податоци остануваат сочувани на серверот. Податоците во резервната копија се енкриптираат пред да се префрлат на серверот. Во серверот се поставени три цврсти дискови (hard disk) во Раид конфигурација, така што и при дефект на некој од дисковите не постои опасност од губење на информациите.

## Член 3

Заради заштита од неовластен пристап, серверот во кој е сместена сигурносна копија на сите снимени податоци, е сместен во безбеден простор, заштитен со брава, до кој имаат пристап само администраторите на информацискиот систем.

## Член 4

Министерството, двапати месечно прави дополнителна сигурносна копија на податоците од серверот на преносен мемориски уред (се употребуват касети со лента "tape drives" поради капацитетот и доверливоста). Вака направената сигурносна копија подлежи на физичка и криптографска заштита, со што се оневозможува каква било модификација на содржината на истата. По извршеното копирање сигурносната копија

се носи на алтернативната безбедносна локација која се наоѓа надвор од работните простории на министерството.

Пристап до алтернативната локација каде се чува преносниот мемориски уред има администраторот на информацискиот систем при што уредот се чува затворен во сеф со безбедносна брава и кој е обезбеден од физички влијанија (пожар, поплава и сл.).

**Член 5**

При повторно враќање на зачуваните лични податоци, се врши евидентирање на таквото враќање на податоците, како и се евидентира датумот на враќањето на податоците и категоријата на податоци што се враќа.

За враќањето на личните податоци се составува записник во кој се наведува лицето кое го врши враќањето, времето и категоријата на личните податоци.

**Член 6**

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото потпишување.

Со влегувањето во сила на овој Правилник, престанува примената и важноста на Правилникот за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци 16-1575/1 од 19.04.2011 година.

Министер за информатичко
општество и
администрација
Дамјан Манчевски